**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**„ПАВЕЛ ШАТЕВ“**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ПАВЕЛ ШАТЕВ ЗА 2017 ГОДИНА

Скопје, јануари 2017 година

**СОДРЖИНА**

**I.ПРЕДГОВОР ...................................................................................................... 3**
**II.СТРАТЕШКИ ПЛАНОВИ И РАЗВОЈНИ ПРАВЦИ ................................................... 3**
**1. Законска рамка ................................................................................................ 3**
**2. Просторни капацитети ...................................................................................... 4**
**3. Човечки ресурси................................................................................................ 5**
**4. Почетна обука .................................................................................................. 7**
**5. Континуирана обука ......................................................................................... 8**
**6. Домашна соработка ......................................................................................... 14**
**7. Меѓународна соработка.................................................................................... 15**
**8. Информатички технологии (IT) ....................................................................... 223**
**9. Библиотека....................................................................................................... 24**
**10.Буџет и инвестиции.........................................................................................24**

## I. ПРЕДГОВОР

Академијата, во текот на 2017 година ќе продолжи да ги остварува своите предвидени активности, во согласност со нејзините цели на планот на унапредување на стандардите на обука, во согласност со современите меѓународни принципи и стандарди, усогласени на потребите на националните судии и обвинители и со потребите за унапредување на независноста, стручноста и компетентноста на македонското правосудство за исполнување на критериумите за влез во ЕУ и во поглед на обврските кои произлегуваат од нејзиниот делокруг на работење.

## II. СТРАТЕШКИ ПЛАНОВИ И РАЗВОЈНИ ПРАВЦИ

### 1. Законска рамка

Со Законот за Академијата за судии и јавни обвинителии измените и дополнувањата на истиот („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2015, 192/2015 и 231/2015) беа воведени новини кои се однесуваа на Управниот одбор, директорот, Програмскиот совет и предавачите на Академијата. Во текот на годината што следи, Академијата ќе продолжи со преземање активности во насока на успешна примена на овие новини.

Во 2017 година ќе продолжи усогласувањето на подзаконските акти-правилници со кои се регулира внатрешната организација и начинот на вршење на дејноста на Академијата со новиот Закон за Академија од 2015 година, како и со измените и дополнувањата на Законот за Академијата од ноември и декември 2015 година.

Академијата ќе продолжи активно да учествува во подготовката на стратешките документи и во реализација на обврските кои произлегуваат од истите и тоа: Стратегијата за реформи на правосудниот сектор, Националната програма за усвојување на европското право, другите стратегиски документи и акциски планови на Владата на РМ, Секретаријатот за европски прашања, Стратегијата за реформи на правосудството и стратешките документи на другите министерства и државните институции од кои произлегуваат обврски на планот на обуката на правосудството, обврските од Извештајот за напредок на РМ на Европската комисија за 2016 година, ГРЕКО, Комитетот за превенција од тортура и други меѓународни организации и механизми за мониторинг, како и со

спроведување на другите закони, во делот на унапредување на квалитетот и ефикасноста на обуката на судиите и обвинителите.

## 2. Просторни капацитети

Академијата ќе се залага, во соработка со Владата на Република Македонија, Министерството за правда и другите надлежни институции, за решавање на проблемот со просторно проширување на Академијата. Ова проширување е неопходно за добивање простор потребен за остварување на концепциските цели и задачи, а особено имајќи предвид дека за VI-та генерација почетна обука ќе бидат примени 37 слушатели, како и за обука на 60 слушатели на почетна обука од дополнителниот оглас за прием за пополнување на потребниот број јавнообвинителски места. Со оглед на големиот број домашни, регионални и меѓународни настани, конференции, симулирани судења, електронско спроведување на испити и сл., неопходно е да постојат просторни капацитети кои ќе придонесат за поуспешно остварување на предвидените активности и ќе обезбедат разноликост на наставните методи и техники.

Стратегиски цели на Академијата се формирањето и опремувањето на регионални канцеларии на ниво на апелациски подрачја, преку отворање канцеларии на Академијата во секој апелациски суд во трите апелациски подрачја: Битола, Гостивар и Штип, со по еден вработен кој ќе заснова работен однос со Академијата. Формирањето на овие центри е неопходно за остварување подобро планирање и реализација на децентрализираните обуки и подобра координација со кандидатите и менторите во почетната обука во спроведувањето на практичната настава. Опремувањето на децентрализираните канцеларии треба да биде со современа компјутерска опрема заради успешна реализација на системот на учење од далечина, подобра координација при оцена на потребите за обука на апелациските подрачја како и нивна меѓусебна координација заради воедначување на судска практика и нејзино вградување во програмите за обука на Академијата. Преку воспоставување на видео врска меѓу судовите и Академијата ќе биде овозможено спроведување обуки, а за кандидатите на почетната обука и учење преку системот на know-how, односно практично следење и коментирање на случаите во живо од судница, под водство на менторите.

**3. Човечки ресурси**

Во текот на 2017 година, во насока на исполнување на обврските кои произлегуваат од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ број 27/2014 и 199/2014), се очекува да бидат донесени нови акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Академијата. Во насока на воспоставување организациони единици кои ќе ги задоволат барањата произлезени од секојдневното работење, во текот на 2017 година ќе биде извршена Измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Академијата. Предвидено е да биде формирано посебно одделение – Одделение за статистики, евалуација и анализа, со што ќе се придонесе за специјализација на работите во областа на полнење на базата со податоци, евалуација на добиените податоци и нивна анализа. Освен тоа ќе биде воведен и Сектор за финансиски прашања и дополнително Одделение во рамките на Секторот.

Соодветно со Измените на Правилникот за внатрешна организација, се очекува да биде донесен и Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, со тоа што ќе бидат воведени нови работни места во новоформираните одделенија, односно сектор, како и други работни места. Од исклучителна важност за понатамошно непречено функционирање на Академијата е пополнувањето на работните места, особено раководните работни места, со цел за подобрување на менаџерското управување. Потребно е и вработување лица кои ќе бидат оспособени за вршење на одделните сегменти од дејноста, и тоа не само правници туку и лица задолжени за подготовка и реализација на меѓународни проекти, за подготовка и реализација на стратешките планови, вклучително и подготовка на проектен циклус, со цел исполнување на обврските од многубројните домашни и странски проекти. Неопходно е и пополнување на работните места за педагози и андрагози кои ќе бидат во можност да ја спроведуваат новата методологија за оценка на обуките, за спроведување на методологија за оценка на потребите за обука и за спроведување на анализи и статистики со цел за подобрување на квалитетот на обуката во целина.

Согласно обврската од член 32 од Законот за административни службеници („Сл. весник на РМ“ број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016 и 142/2016 ) и член 5 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на РМ“ број 27/2014, 199/2014 и 27/2016), Академијата за 2017 година ќе донесе Годишен план за вработувања, во кој ќе бидат утврдени потребите од идни нови вработувања, унапредувања,

пензионирања и други промени во поставеноста на човечките ресурси во Академијата.

Во 2017 година ќе продолжи активноста на обезбедување редовна и квалитетна континуирана обука на стручната служба на Академијата преку програмите на Министерството за информатичко општество и администрација, но и преку развивање сопствени програми за обуки, усогласени со посебниот карактер на профилот на вработените во Академијата со оглед на нивната специфичност, нивно оспособување за активно познавање странски јазици, компјутерски технологии, доусовршување, како и интензивни меѓународни контакти и развивање способности за аплицирање и имплементација на странски проекти.

Вработените ќе продолжат да ги посетуваат обуките согласно Годишниот план за обуки на административните службеницизa 2017 година кои се во организација на Министерството за информатичкото општество и администрација, како и обуки на покана од Владата на РМ и други државни органи и институции, а ќе аплицираат и на меѓународни обуки за администрација со цел унапредување на знаењата и вештините на стручната служба, а со тоа и подобрување на квалитетот на наставните програми и планови во рамките на системите за почетна и континуирана обука.

Покрај обуките организирани во училници, во текот на 2017 година како и досега, ќе се продолжи и со учество на обуки преку Системот за Микроучење кои се спроведуваат електронски во организација на Министерството за информатичко општество и администрација. Во текот на 2017 година се очекува и имплементација на нов систем – Систем за управување со учење, кој го имплементира Министерството за информатичко општество и администрација, а има за цел развој на општите и посебните работни компетенции на административните службеници.

Раководните органи ќе работат на извршување на законските надлежности, особено на планот на подобрување на квалитетот на обуките, договарање и реализација на проекти со домашните и меѓународните институции, унапредување на соработката со домашните институции на планот на подобро и покоординирано планирање и реализација на обуките од областа на правосудството, кои ќе одговараат на потребите на правосудството, но и на општеството во целина и на остварување поблиска соработка со меѓународните судови, со цел испраќање судии и обвинители на подолготраен стаж во истите. Раководните органи и стручната служба ќе продолжат со извршување на обврските што произлегуваат од членството во одделни работни групи за спроведување на планираните активности за 2017 година, согласно НПАА.

**4. Почетна обука**

Во однос на VI-та генерација слушатели на почетната обука, во текот на 2017 година се очекува завршување на управните спорови пред Управниот суд и отпочнување на теоретската настава за оваа генерација слушатели.

На планот на почетната обука, ќе бидат имплементирани и последните измени на Законот на Академијата за судии и јавни обвинители објавени во „Службен весник на РМ“ бр. 231 од 31.12.2015 година, во кои се предвидени посебни услови за прием во почетна обука заради пополнување на потребниот број јавни обвинители.

Електронскиот систем содржи јавно достапна база од најмалку 2.000 прашања. Најмалку 50 проценти од прашањата се од стручната литература што е во употреба на највисоко рангираните 100 високообразовни установи од правните науки во светот, рангирани на последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при шангајскиот Универзитет „Џијао Тонг“. Прашањата се објавуваат јавно, а презмени се и активности во правец на дополнување на базата и нивна верификација од страна на Програмскиот совет, согласно нововоспоставената надлежност на овој стручен орган на Академијата.

Во делот на унапредување на почетната обука, стратешките развојни правци се движат кон унапредување на методологијата на предавачите и на членовите на Програмскиот совет, за изготвување и верификација на прашањата за сите испити, за што ќе се користи експертиза на странски предавачи и експерти, унапредување на практичниот пристап преку интензивни обуки за правна аргументација на процесните одлуки и особено развој на реторичките вештини и за аргументирање во воведните и завршните говори, особено за слушателите за обвинители. Исто така Академијата интензивно ќе се залага за реализирање на можноста за едномесечно стажирање во меѓународен суд.

Согласно Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2016-2020): Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и промоција на условната казна и алтернативните мерки, во текот на 2017 година, во делот за почетна обука, Академијата ќе работи на реализација на активностите кои произлегуваат од неа и тоа:

- Во поглед на развојот на системот за почетна обука, Академијата ќе се стреми кон понатамошно унапредување на нејзините капацитети и тоа подобрување на практичниот пристап во презентацијата и обработката на темите преку решавање на конкретни случаи од праксата и ставање поголем акцент на обработка на одредени теми како што се: правната аргументација и образложението на

одлуките, етика и судир на интереси и јакнење на системот на интегритет кај судиите и обвинителите, развој на ораторaски вештини согласно новиот ЗПП и ЗКП.

- Збогатување и подобрување на постојаната листа на едукатори во која се вклучени едукатори од сите апелациони подрачја и од сите инстанци на правосудството и меѓународни експерти.
- Воведување механизми за утврдување на потребите од обуки и процена на квалитетот на спроведените обуки.
-Поставување електронски библиотеки и посебни наставни планови за почетна обука, како и курсеви за учење од далечина.
- Воведување систем за избор и подготовка на едукатори, како и пристап до „обука за обучувачи“
- Развој на способностите на предавачите за развој и имплементација на новата методологија за оценка на ефикасноста на обуките во континуирана обука, развиена од експертот ангажиран од проектот ИПА 2010

**5. Континуирана обука**

Континуираната обука е најопсежниот сегмент од работењето на Академијата и опфаќа целни групи во трите главни програми за обука, и тоа: општата програма за задолжителна континуирана обука, специјализираната програма за задолжителна континуирана обука и специјализираната програма за доброволна континуирана обука.

Основна обврска за Академијата и во 2017 година претставува реализацијата на Планот на обуки за 2017, кој е изготвен врз основа на спроведената и сеопфатна пишана методологија за оцена на актуелните потреби за обука, во тесна соработка со претседателите на судовите, на јавните обвинители на јавните обвинителства, со Судскиот Совет и Советот на јавните обвинители, со цел да се креираат програми кои ќе одговорат на потребите на потесно определени целни групи, како од аспект на правните подрачја и теми што ќе бидат опфатени со програмите, така и од аспект на методологија на обучување, со тоа што стекнатите знаења и вештини ќе бидат применливи во секојдневното извршување на работните обврски и практицирање. При креирањето на Планот на обуки предвид се земаат и обврските кои произлегуваат од НПАА, од Извештајот на ЕК за напредокот на РМ, Комитетот ГРЕКО, Комитетот за превенција од тортура, ЦЕПЕЈ при Советот на Европа, и обврски кои произлегуваат од извештаите на другите меѓународни организации и мониторинг механизми на планот на обуката, заради понатамошно унапредување на професионалноста и

стручноста на домашното правосудство, како гарант на начелото на владеење на правото и заштита на човековите права и слободи.

Во текот на 2015 и 2016 година, во рамки на соработката со ИПА Проектот „Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и унапредување на пробациската служба и алтернативните мерки“, од страна на Проектот беше ангажиран германски експерт, d-r Rainer Hornung, заменик јавен обвинител во Јавно обвинителство Лорах, Германија, задолжен да развие методологија за оцена на обуките во организација на Академијата. Истиот изработи Извештај со препораки за развивање механизми за квалитативна оцена на обуките. Во текот на 2017 година неговите препораки, во целосна координација со одговорните институции и тоа пред сé Академијата, Судскиот Совет на РМ, Советот на јавните обвинители на РМ и Министерството за правда на РМ, ќе се имплементираат првично преку изработка на поопсежни, посеопфатни прашалници за евалуација на советувањата, а се планира и да се воведе систем на пост евалуација на стекнатите знаења и вештини од одржаните обуки, и нивниот импакт врз подобрување на секојдневната работа на сите целни групи.

Во рамките на унапредувањето на програмите за едукација, посебен акцент ќе се стави на обуките за практична примена на правото на ЕУ, меѓународното право, особено конвенциите, со фокус на примената на Европската Конвенција за човекови права и стандардите на Европскиот суд за човекови права, како и подигнување на нивото на способностите за правно образложување и правно аргументирање на одлуките и техниките на пишување на истите и за користење на стандардите на ЕСЧП при аргументација на одлуки.

И оваа година ќе се продолжи со одржување советувања за правната терминологија и употреба на правопис во процесните одлуки, но и коректна употреба на истата во усниот говор и развој на вештините за правна аргументација.

Креирање и воспоставување модули за е-учење за судиите и јавните обвинители е еден од приоритетите на кои Академијата ќе продолжи да работи и да ги усовршува со надградување на порталот со повеќе нови модули.

Особено внимание ќе се посвети и на подобрување на системот на подготовка и организација на континуираната обука, со употреба на стандардизираните обрасци на програмите за обуките и воведување постојни едукаторски тимови кои ќе развиваат материјали за обука за посебни области заради ефикасност на обуките, а ефикасноста и корисноста на обуките ќе се оценуваат определен период по спроведувањето на обуката.

Во насока на унапредување на вклученоста на судската практика во наставните планови на Академијата, ќе продолжи практиката на организирање

тркалезни маси со учество на Врховниот суд на РМ и апелациските судови за разгледување одделни прашања од кривичната и граѓанската област, со цел воедначување на судската практика по однос на истите. За таа цел, од големо значење е учество на предавачи од судовите и од обвинителствата од повисоките инстанции за презентација на судската практика и изработка на квалитетни наставни материјали.

Од особено значење во иднина ќе биде соработката со двата совета во правец на утврдување на индивидуалните потреби на секој судија и обвинител за обука и за усовршување, особено со оглед на резултатите од годишната евалуација и оцена на нивната работа, а со цел унапредување на нивните знаења во оние сегменти каде што има потреба од подобрување на квантитетот и квалитетот на работењето.

Понатаму ќе се унапредува веќе воспоставената практика на заеднички обуки со другите правни професии, односно со сите целни групи кои ги спроведуваат законите од областа на правосудството, адвокати, нотари, медијатори, извршители, претставниците од Министерството за правда, Царинската управа, Управата за јавни приходи, ДКСК итн.

Во 2017 година Академијата ќе продолжи со организација на обуки во врска со практичната примена на новите решенија на Законот за парнична постапка кои се од значење за скратување на должината на постапките согласно стандардите на практиката на ЕСЧП, како и во однос на издадената збирка на судската практика од страна на ВСРМ.

Со цел ефектуирање на стекнатите знаења и искуства за време на студиските престои и конференции во странство, од учесниците на тие настани ќе се очекува повратно да ги презентираат научените лекции и компаративни искуства за нивна поширока презентација на домашното правосудство и со цел од добиените материјали и знаења да имаат бенефит што поширок круг лица.

Согласно спроведената анкета и оцена на потребите на судиите од одделите за трговски спорови, помеѓу адвокатите и бизнис-заедницата и стопанските комори, согласно изразените потреби, но и поради потребата од зајакнување на бизнис-климата и деловното опкружување, и во 2017 година ќе продолжи организацијата на обуки од областа на трговското право, на актуелни теми, кои понатаму ќе придонесат за унапредување на знаењата на судиите во оваа област, вклучувајќи ја не само националната, туку и регулативата на ЕУ.

Од особена важност ќе биде подготовката на материјали за обука, особено од областа на европското и меѓународното право, како и зголемување на бројот на обуки од овие области имајќи го предвид статусот на РМ на земја-кандидат за членство во Европската унија што ја наметнува потребата за широко познавање на

оваа материја. Заради постигнување висок квалитет на овие обуки, Академијата ќе настојува и во иднина да обезбедува поголем број странски предавачи од овие области од највисок ранг (судии и јавни обвинители, судии на меѓународните судови, угледни професори, но и истакнати стручњаци од соодветната област).

Академијата, во соработка и со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Правната канцеларија на INL програмата при Амбасадата на САД во РМ, во изминатите години спроведе основни, а потоа и напредни обуки со кои беа опфатени сите целни групи. Во текот на 2015, започна нова методологија на обуки, посебно за судиите и посебно за обвинителите на селектирани теми од практичната примена на ЗКП а согласно потребите и спецификите на секоја од наведените професии. Ваквата методологија на организирање обуките ќе продолжи и во 2017 година во соработка со наведените партнери, особено во делот на примена на институтите на акузаторната кривична постапка за што се потребни дополнителни обучувања со експерти од САД.

Во 2017 година ќе продолжи организирањето обуките за примена на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната („Службен весник“ бр.199 од 30.12.2014 година), чија практична примена започна на 7.7.2015 година и тоа во вид на напредни обуки, посебно за судиите и посебно за обвинителите, но и тркалезни маси и дебати за согледување на практичните искуства од досегашната имплементација.

Ќе бидат реализирани и соодветен број обуки од областа на спроведувањето на антикорупциската политика и измените на КЗ и тоа посветени на спречување, превенција и меѓуресорска соработка во областа на корупцијата, проширена конфискација и одговорност на правните лица, во соработка со ДКСК. Посебно внимание ќе се посвети на обуките за јакнење на капацитетите на правосудство за борба против тероризам за што е започната соработка со УНОДЦ со кој ќе се одржат обуки на оваа тема. Од особен интерес за целните групи се обуките за заштита на личните податоци и имотни права, кои ќе се организираат во соработка со Дирекцијата за заштита на лични податоци. Академијата во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје ќе продолжи со одржување напредни обуки од областа на заштита од дискриминација, говорот на омраза и криминал од омраза, правата на лицата со хендикеп, правата на децата, забрана на тортура и нехумано и деградирачко однесување, како и почитување и заштита на правата на малцинствата и културните права.

Во рамките на твининг проект во соработка со Државниот завод за индустриска сопственост и Данскиот завод за патенти, во 2017 година Академијата ќе продолжи со спроведување обуки од областа на интелектуалната сопственост.

Ќе се зголеми бројот на обуките за правно пребарување на базите на одлуките на меѓународните судови АИРЕ, ХУДОК, на Европскиот суд на правдата.

Ќе се продолжи и со континуирана обука на судските и јавнообвинителските службеници, согласно усвоените тригодишни рамковни програми и усвоениот Годишен каталог за обука за овие целни групи, изработен во тесна соработка со Здружението на судска администрација, Советот на судската служба и Јавното обвинителство на РМ, при изборот на предавачите и темите. Со цел унапредување на нивните знаења и вештини, во подготовка е нов проект за обука на судската администрација со ЕИПА Луксембург, со фокус на развој на модули за етика и спречување судир на интересите.

Исто така, во насока на унапредување на континуираната обука, во текот на 2017 година во план е да се преземаат следните активности:

- Унапредување на системот за процена на потребите за обука (со помош на сите чинители во правосудството, особено со учество на повисоките судови и обвинителства во дизајнирање на потребите за обука, кои ќе произлезат од конкретните потреби со оглед на бројот на предметите, бројот на укинати и преиначени одлуки во одделна област итн., и преку автоматизација на оценувањето на потребите за обука преку онлајн-прашалници и софтвер за нивна обработка)
- Унапредување на системот за контрола на квалитетот на обуките; собирање компаративни искуства од другите тренинг-институции за системот на оцена на ефикасноста на обуките и избор на најадекватен модел со оглед на националните состојби во правосудството, со цел воведување прашалници за оцена на ефектот од обуките и автоматизирање на истото, преку онлајн-прашалници и софтвер за нивна обработка);
- Изработка на методологија за оценување на успешноста на почетната обука со оглед на развојот и прогресот на завршените и избрани кандидати за судии и јавни обвинители;
- Развивање и унапредување на модулите за обуки на обучувачи, за предавачите и менторите, во насока на унапредување на наставна методологија и квалитетот на наставните материјали, во согласност со најновите концепти на модерните школи за обука во Европа;
- Развивање на системот за е-учење за судиите, јавните обвинители, судска и јавнообвинителска администрација;
- Зголемување на бројот на едукатори по региони, особено од редот на судиите и обвинителите од повисоките инстанции;

- Изнаоѓање проекти за развој на капацитетите на Академијата за вршење аналитичко истражувачки работи за потребите на правосудството;

- Понатамошно јакнење на соработката со сродни странски институции и мрежи и создавање услови за подолготрајни студиски престои на судиите и јавните обвинители и извршување практика во ЕСЧП во Стразбур и ЕСП во Луксембург;

- Понатамошно унапредување на воспоставената соработка на Академијата со коморите на адвокатите, извршителите, нотарите и др. (медијаторите и стечајните управници) со цел хармонизирање на некои од наставните планови и курсеви кои ги опфаќаат целните групи од правосудството и членовите на наведените комори;

- Подобрување на наставните планови и програми за континуирана обука на судиите и јавните обвинители со фокус на теми што се од значење за практиката, изучување на судската практика како извор на правото, особено практиката на ЕСЧП, аргументација на пресудите, вештини неопходни на судењата (техники на испитување, вклучително и техниките за соработка со деца, професионална етика, психологија);

- Проширување и подобрување на наставните планови и програми за континуирана обука на судската и јавнообвинителската администрација;

- Спроведување на проект за начинот на правната аргументација на судските одлуки;

- Воведување континуирани обуки за усовршување на вештините на сите целни групи на Академијата за ИТ;

**-** Подготовка на програми за обуки за комуникациски вештини со јавноста и медиумите за назначените портпароли во судовите и во обвинителствата;

- Унапредување на програмата за раководните структури во судството и обвинителството со фокус на суштинските прашања за раководењето со правосудните институции, управување со работата, етички и дисциплински прашања, буџетско, материјално и финансиско работење;

Согласно Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2016-2020), во текот на 2017 година, во делот на континуираната обука, Академијата ќе работи на реализација на активностите кои произлегуваат од неа и тоа:

- унапредување на програмите за континуираната обука за судиите и јавните обвинители како и за стручната служба во судовите/обвинителствата;

- поставување и редовно ажурирање на наставни планови за континуирана обука во електронски библиотеки како и курсеви за учење од далечина;

- во делот на почетната и на континуираната обука, предвидено е воведување на механизми и алатки за утврдување на потребите од обука и проценка на

квалитетот на спроведената обука и воведувањето на системот за избор и подготовка на едукатори и пристап до „обука за обучувачи“;
- усогласување на системот на континуирана обука со тековните промени во законодавството на РМ.

**6. Домашна соработка**

Академијата ќе ја продолжи и ќе ја унапреди соработката со сите институции со кои непосредно соработува, особено со Врховниот суд на РМ, Јавното обвинителство на РМ, Судскиот совет на РМ, Советот на јавните обвинители на РМ и Министерството за правда, Здружението на судиите и Здружението на јавните обвинители, Здружението за кривично право и криминологија, Здружението на новинарите и Македонската асоцијација на новинарите, соработка со НВО и цивилно општество. Од особена важност ќе биде и унапредувањето на соработката со Вишиот управен суд, Управниот суд и со апелациските судови и вишите јавни обвинителства, во насока на успешна реализација на децентрализираната обука и спроведување тркалезни маси за унапредување на усогласувањето и воедначувањето на судско-обвинителската практика.

Ќе се развиваат и унапредуваат специјализираните програми за обука на судовите од повисоките инстанци - тркалезни маси за апелациските судови и Врховниот суд, за вишите јавни обвинителства, Јавното обвинителство на Република Македонија и Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, за претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства, на Вишиот управен суд, Управниот суд, за Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, како и за Судско-буџетскиот совет.

Ќе се организираат и специјализирани обуки за новоизбраните судии и јавни обвинители.

Преку организирање заеднички и мултидисциплинарни обуки, со учество на предавачи и учесници од соодветни профили, ќе продолжи соработката со Адвокатската комора на РМ, Нотарската комора, Комората на извршители, Комората на медијаторите и другите институции, професионални организации, првенствено Здружението на судиите и Здружението на јавните обвинители на РМ и невладиниот сектор, со кои судиите и обвинителите остваруваат соработка на планот на спроведување на одделните закони.

Воедно, Академијата ќе работи на реализација на обврските од склучените меморандуми со голем број домашни институции, како Центарот за обука при

МВР на РМ, Управата за јавни приходи, Комисијата за заштита од дискриминација, Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, и другите министерства, државни инстиитутуции, Правните факултети, со цел промовирање на улогата и дејноста на Академијата во избор на професијата и за привлекување на најдобрите студенти во правосудната професија.

Согласно Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2016-2020), во текот на 2017 година, во делот на домашната соработка, Академијата ќе работи на реализација на следните активности:

- успешно ќе соработува со сите судови, обвинителства и високообразовни институции, во насока на подобрување на квалитетот на целокупниот правосуден систем.
- воочување, преку разните обуки и други видови соработка, на разликите меѓу законите и нивната применливост во праксата и континуирано да се предлагаат препораки за нивно унапредување.
- изработка на истражувачки и аналитички трудови кои ја дефинираат разликата меѓу праксата и законските акти, со препораки за нивно унапредување.

**7. Меѓународна соработка**

Академијата особено внимание ќе посвети на развој и унапредување на соработката со другите школи, во сите сегменти од заеднички интерес, а особено преку размена на законски и подзаконски акти, размена на учесници, предавачи, ментори, испраќање судии и јавни обвинители на студиски посети, особено обезбедување можност за подолготрајни престои во Европскиот суд за човекови права.

**Меѓународни проекти**

- **План за реализација на итни реформски приоритети - подкомпонента Владеење на правото и правосудство**

Мерките 5, 6 и 7 од точка 1.1.6 од Планот за реализација на итните реформски приоритети се однесуваат на објавување на оглас за VI генерација на кандидати во почетна обука, прием на кандидатите и почеток на теоретската обука. Согласно временската динамика усвоена од Комисијата за приемен испит, реализацијата на оваа мерка се очекува да заврши на 15 март 2017 година. Следствено на тоа и реализацијата на мерката 7 – почеток на теоретската обука, се очекува да се реализира до крајот на март 2017 година. Во

текот на оваа година ќе биде реализирана и мерката 8 од точка 1.1.6 од горенаведениот план, која се однесува на развој на методологијата за оцена на ефикасноста на обуките и нивниот импакт врз подобрување на квалитетот на редовната судско/обвинителска пракса. По однос на мерките 9 и 10 од точка 1.1.6 кои се однесуваат на испраќање судии на престој во ЕСЧП и испраќање кандидати за судии и јавни обвинители на едномесечен стаж во ЕСЧП, започната е постапка за договарање на адекватните периоди за студиски престој на 2 судии, за што во текот на тековната година се очекува обезбедување финансиски средства за реализација на двете мерки.

- **ИПА 2016-2020 проект: Стратегија за реформа на правосудниот сектор „Понатамошна поддршка на независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и промоција на условната казна и алтернативните мерки“**

Во текот на 2017 година, Академијата ќе работи на реализација на активностите кои произлегуваат од горенаведената Стратегија и тоа следните:

- Академијата, покрај одржувањето на обуки, ќе учествува во изработката и ќе се грижи за редовно ажурирање на прирачници и разни модули за едукација во областа на стратешкото планирање и регулаторниот развој, во областа на комуникацијата, системот за управување со работењето, буџетско и финансиско управување и во областа на новиот систем на жалби;

- Во насока на изработката на рамка за дисциплинска и етичка одговорност и дефинирање на опсегот и делокругот за уживање на индивидуалните права и слободи од страна на јавните обвинители и јавнообвинителскиот кадар, во соработка со Советот на јавни обвинители, Академијата ќе спроведува обуки и ќе учествува во изработката на прирачници и разни модули за едукација;

- Во соработка со Јавните обвинителства, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии и Државната комисија за спречување на корупција, Академијата ќе учествува во изработката на прирачници и едукативни модули за истрага на секоја поголемна категорија организиран криминал;

- Во соработка со Врховниот суд, Јавните обвинителства и Адвокатска комора, Академијата ќе спроведува обуки и ќе учествува во изработка на прирачници и разни едукативни модули во врска со улогата на судијата и адвокатот во претходната постапка, презумпцијата на невиност, законитоста на притворот, спогодувањето за вина, јавноста на постапките, судењата со порота и за улогата на судиите поротници;

- Во соработка со Управата за извршување на санкциите при Министерството за правда, ќе бидат спроведени обуки и ќе бидат изготвени прирачници и модули за обука на новата пробациска служба;

- Предвидено е да се одржи заедничка обука за судиите и вработените во пробациската служба за доделување на пробациските програми која ќе биде организирана од Управата за извршување на санкциите при Министерството за правда, Врховниот суд и Академијата;
- Во насока на зајакнување на професионалниот доверлив однос меѓу адвокатот и клиентот и развој на системот за обука и проширување на одржувањето на обуката, ќе бидат спроведени обуки, ќе бидат изработени прирачници кои редовно ќе се ажурираат и модули за едукација за професионалната доверба меѓу адвокатите и клиентите, а сето тоа ќе се спроведе во соработка со Адвокатската комора, Министерството за правда и Академијата;
- Во следниот период исто така Академијата ќе учествува и во изработката на прирачници за пракса и модули за едукација за државните и службените тајни во соработка со Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи и Адвокатската комора.
-- Во делот на координативните механизми на централно ниво за креирање, следење и оценување на реформите на правосудниот сектор, Академијата ќе учествува во изработката и редовното ажурирање на прирачници и модули за стратешко планирање, а особено во изработката на реформските иницијативи за правосудниот сектор, вклучувајќи го менаџерскиот испит во Академијата и во други слични професионални наставни програми за обука;
- Исто така, Академијата ќе учествува во изработката на прирачници и разни модули за обука кои ќе се однесуваат на развивање на материјална и процесна регулаторна рамка за управно право, во соработка со Вишиот управен суд и Министерството за труд и социјална политика. Во таа насока, во соработка со Министерството за правда, Виштот управен суд и Второстепените комисии ќе биде и ангажманот на Академијата за изработка на прирачници, организација на студиски посети и спроведување обуки за примена на законодавството од прекршочно право.

- **ИПА Проект 2012 „Јакнење на националните капацитети за борба против организиран криминал и корупција“**

Во текот на 2017 година ќе започнат активностите предвидени во проектот ИПА 2012 „Јакнење на националните капацитети за борба против организиран криминал и корупција“, во кој Академијата ќе се вклучи со организирање обуки за превенција и репресија на корупцијата.

- **Твининг проект со Хрватска и Латвија**

Во рамки на Твининг проектот „Зајакнување на владеење на правото“, чиј носител е Министерството за правда, за Академијата предвидени се активности во делот на Компонента 2 од Проектот - „Подобрување на знаењата и капацитетите на релевантните чинители на правосудниот сектор за правото на ЕУ и други меѓународни стандарди за правда во поглед на поттикнување на нивно транспонирање во националното законодавство“. Предвидено е во текот на 2017 година да се реализираат обуки за судиите и јавните обвинители од областа на Правото на ЕУ кои ќе се спроведат регионално, по апелационите подрачја а во рамките на Проектот ќе биде изготвен и Прирачник за спроведување на правата од интелектуална сопственост наменет за судиите, јавните обвинители и останатите правни професионалци.

- **Стратегија за Југоисточна Европа 2020, Регионален акциски план за димензијата правда**

Академијата за судии и јавни обвинители е вклучена во активности од Регионалниот акциски план за димензијата правда од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020, во чии рамките е предвидена Регионална конференција за формирање регионална мрежа на институции за обука на судии и јавни обвинители.

- **Твининг проект со Данска**

Во соработка со Данската Канцеларија за патенти и трговски марки, во рамките на ЕУ Твининг Проектот „Зајакнување на спроведување на правата од интелектуална сопственост“ и во текот на 2017 година ќе се продолжи со реализација на обуки кои ќе се спроведат регионално, по апелационите подрачја, а во рамките на Проектот ќе биде изготвен и Прирачник за спроведување на правата од интелектуална сопственост наменет за судиите, јавните обвинители и останатите правни професионалци.

- **УНДП**

Предвидено е во текот на 2017 година да се одржат специјализирани обуки за Превенција од родово базирано насилство, посебно за судии кои постапуваат во кривични предмети, јавни обвинители и претставници на Министерство за внатрешни работи, а одделни обуки за судиите од граѓанска област.

- **ИРЗ**–обуки на разни теми од правни области

- **Германско друштво за меѓународна соработка-ГИЗ**

Со одобрување на регионалниот проект „Зајакнување на регионалната соработка помеѓу правосудните академии во земјите од Западен Балкан“ кој е предвидено да се спроведува во периодот јануари 2017 - октомври 2018 година, се предвидува развивање регионален модул за обука по право на ЕУ, регионален модул за Обука за обучувачи по методологии и вештини, формирање регионална база на обучувачи кои предаваат на правосудните академии во регионот, размена на искуства и судска пракса со Европскиот суд за човекови права во Стразбур и родово сензитивизирање на судиите од регионот, преку подготовка на Прирачник за родово сензитивизиран пристап за решавање на случаите на родово базирано насилство во земјите од Западен Балкан.

- **iPROCEEDS- Регионален Проект за изградба на капацитети за борба против криминал преку интернет**

Во 2017 година продолжуваат предвидените активности во рамките на овој проект, чија цел е да се зајакнат капацитетите на надлежните институции во идентификувањето, истражувањето, намалувањето и конфискувањето на имотната корист стекнатата по пат на компјутерески криминал, како и превенција на перењето на пари на интернет.

- **УНЦХР** –поддршка во организирање обуки и изработка на прирачници од областа на азилот и миграцијата и криумчарење мигранти.

- **ТАИЕКС**

- Заштита на правата на сопственост
- Член 5 од ЕКЧП - Право на слобода и сигурност во кривичната постапка (одобрена апликација)
- Член 6 од ЕКЧП – Принципот на еднаквост на оружјата (одобрена апликација)
- Споредба на националното законодавство за азил со правото на ЕУ за азил (одобрена апликација)
- Регионална конференција за стандардите на ЕУ за избор на најдобрите кандидати за почетна обука за идни судии и јавни обвинители (одобрена апликација)

- **ОБСЕ**

Планираните активности во рамки на соработката помеѓу Академијата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во текот на 2017 година ќе се реализираат преку настани посветени на антидискриминационото законодавство и концептот на еднаквост, криминалот од омраза, Законот за кривична постапка и ЕКЧП.

- **УНОДЦ**
  - Обуки за истрага и пресудување на случаи поврзани со учество на странски терористички борци во Југоисточна Европа

- **УНИЦЕФ**

Предвидена е соработка при организирање обуки за Законот за правда за децата и за семејно насилство врз деца жртви, конкретно обуки за вештини за интервјуирање дете жртва и комуникациски вештини.

- **Европски центар за судии и правници, европски институт за јавна администрација – ЕИПА**

Во тек е подготовка на долгорочен проект со ЕИПА за посебен модул за обуки за ЕУ-право и судската администрација.

- **СОВЕТ НА ЕВРОПА**

Во 2017 година предвидено е во соработка со Советот на Европа да започне реализација на двегодишен проект посветен на Слобода на изразување и член 10 од ЕКЧП. Во рамките на овој проект предвидено е да се одржат: 1 обука на обучувачи, 4 советувања и 4 регионални конференции.

Со Совет на Европа ќе започне да се реализира и проект кој ќе се однесува на ЕКЧП, конкретно на член 3, 5 и 6 од Конвенцијата. Проектот е со времетраење од 18 месеци, планирана е реализиација на советувања и 1 обука на обучувачи.

Со поддршка и помош на Совет на Европа започнува проект чиј носител е Управата за финансиско разузнавање, а проектот е насочен против економскиот криминал во Република Македонија. Во овој проект, Академијата ќе се вклучи со одржување обуки за јакнење на капацитетите на судството и обвинителството за спроведување на Законот за спречување перење пари и финасирање тероризам.

- **АМБАСАДАТА НА САД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Изработка на е-модули за учење за англиски јазик и за ЗКП

- **Проект за меѓународна соработка во кривична и граѓанска материја**

Министерството за правда започнува соработка со Холандија во рамките на која ќе бидат одржани советувања за меѓународна сорабтка во кривична и граѓанска материја.

- **ИПА Проект „Зајакнување на административните капацитети за спроведување на законската рамка за стечај и ликвидација на друштвата“**

Во текот на 2016 година започна соработка со Министерството за економија, кое е носител на ИПА Проектот „Зајакнување на административните капацитети за спроведување на законската рамка за стечај и ликвидација на друштвата“. Соработката продолжува и во текот на 2017 за кога е предвидено одржување советувања посветени на Законот за стечај.

- **НАБЉУДУВАЧКАТА МИСИЈА НА ОБСЕ ВО СКОПЈЕ – ОДДЕЛОТ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО**

Како и во претходните години, така и во 2017 година Академијата ќе ја продолжи соработката со Мисијата на ОБСЕ во Скопје во делот на обуките за ЗКП, за селектиравни теми од КЗ, превод на релевантни меѓународни документи и особено Мислењата на ЦЦЈЕ и другите тела на Советот на Европа и други меѓународни организации кои се од значење за унапредување на независнота и ефикасноста на правосудството на РМ, унапредување на учење од далечина во однос на обуките за ЗКП.

- **АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА**

Продолжува неколку годишниот договор и во 2017 година, за соработка во областа на правосудството, соработка со Националната школа за магистрати, во почетната и континуиранаата обука (ЕНМ), часови по француски јазик, унапредување на капацитетите на правосудните институции во земјата преку организација на обуки за актуелни теми од областа на правото, учество на кандидатите од почетна обука на натпревари во организација на Францускатa амбасада и Државната правосудна академија ЕНМ, размена на кандидати од двете правосудни институции, обуки на селектирани теми и стаж во ЕСЧП од страна на националните судии. На почетокот на 2017 година, Академијата повторно ќе биде домаќин и ќе овозможи реализација на стаж на еден кандидат од ЕНМ во време траење од три недели во кои кандидатот од ЕНМ ќе има можност да се запознае со правосудниот систем на Република Македонија.

Во проекциите за 2017 година кои се во рамки на продолжување на соработката, предвидено е потпишување нов Меморандум за соработка помеѓу Академијата и Амбасадата на Република Франција со што ќе се обзбеди поддршка на Академијата во реализација на нови 4 обуки посветени на актуелни теми од областа на правото како и студиски посети наменети за судиите и јавните обвинители.

Во соработка со Амбасадата ќе се обезбеди аплицирање за Еразмус програмите во соработка со на Националната агенција за европски образвони програми и мобилност за испраќање на кандидати за судии и обвинители на стаж во странски судови.

- **СОРАБОТКАТА СО EJTH**

Особено е значајна соработката со Европската мрежа за судска обука (EJTH), во која Академијата има статус на набљудувач. Во текот на 2017 година интензивно ќе се работи на повторно вклучување во мрежата во сите нејзини активности и програми, во чии рамки судии и јавни обвинители ќе учествуваат на двонеделни програми за размена, учество на студиски посети во ЕСЧП и ЕСП, како и повеќе месечни престои во ЕСЧП, но и учество во нивниот отворен каталог на обуки.

Академијата и во 2017 година ќе продолжи со интензивирање на меѓународната соработка преку учество на судии и јавни обвинители на семинари, конференции и студиски престои во странство, прием на странски делегации, како и активности во правец на склучување нови проекти и билатерални спогодби за соработка, размена на кандидати, предавачи и ментори. Нашите судии и ЈО ќе учествуваат на семинарите организирани од Академијата за европското право (ЕРА), Регионалната иницијатива за антикорупција, Државната правосудна школа за магистрати на Франција, како и на студиските посети организирани преку инструментот TAIEX за техничка помош и размена на информации при Европската комисија на ЕУ.

- **Соработка со ЕРА**

Во рамките на редовната соработка со Академијата за европско право ќе бидат испраќани судии и обвинители и предавачи на селектирани теми на обуки од областа на анти-дискриминацијата и за обука на обучувачи

## 8. Информатички технологии (IT)

Приоритети во однос на сегментот информатички технологии во 2017 година ќе бидат:

Надградување на АСЈО-системот за управување со процесите на Академијата во делот на почетна обука **-** Електронско пријавување и поднесување документи (пријави) на кандидатите за почетна обука и евалуација на обуките.

Надградување на можностите на системот за управување со процеси во делот на континуираната обука, со што би се овозможила поголема функционалност на системот при добивање на потребните податоци.

Системот за електронско учење и негова целосна имплементација во голема мера го поедноставува процесот на учење бидејќи пристапот до обуката и до материјалите за обука е полесен и пофлексибилен. Исто така, значително ги намалува трошоците за обуките бидејќи системот за електронско учење ќе биде важен дел од стратегијата на Академијата и за децентрализираната обука. Брзиот пристап до различни видови електронски обуки и материјали се очекува да резултира во успешно завршени виртуелни предавања, без притоа да предизвика дополнителен напор во секојдневната работа на судиите и јавните обвинители. Академијата организира и спроведува домашни и меѓународни конференции, тркалезни маси, семинари, студиски програми за стручни посети и сл., каде што за нивно реализирање секојдневно се користат лаптопи и ЛЦД-проектори, за која цел ќе се набави нова опрема.

### Одржување и редовно ажурирање на веб-страницата

Академијата како модерна и професионална институција посветува посебно внимание на транспарентното работење и за таа цел, ќе продолжи редовно да ја одржува редизајнираната веб-страница преку која се влегува во новиот веб-портал на Академијата. Корисничкиот интерфејс им овозможува побрз и полесен пристап до содржината на веб-страницата на сите заинтересирани граѓани, но истовремено нуди и објавување поголем број информации.

Изгледот и структурата на веб-страницата на Академијата говорат за модерна и софистицирана страница која претставува медиумски простор за афирмација на Академијата и нејзината суштина. Веб-страницата ќе продолжи да биде медиум за објавување на сите позначајни активности, но и за пристап на сите заинтересирани во е-системот, е-учењето и е-библиотеката. Исто така, со

интегрирање на базата на податоци од библиотеката, веб-страницата овозможува многубројни материјали во електронска форма, како и влез до онлајн-ресурси на други институции.

Новиот изглед и структура на веб-страницата на Академијата претставува примарен медиум за нејзино претставување.

Веб-страницата вклучува и линкови на веб-страниците на домашните и на странските институции со кои Академијата соработува и чија дејност и практика е од значење за правосудната област.

За зачувување на современиот изглед и содржината на веб-страницата, неопходно ќе биде и во текот на 2017 година, нејзино секојдневно одржување, навремено објавување на сите тековни и идни настани, како и на важечки домашни и меѓународни прописи.

Во текот на 2017 година, Академијата, во соработка со мисијата на ОБСЕ во Скопје, ќе работи на проектот e-learning, кој по изготвувањето ќе биде достапен на web страницата на Академијата.

## 9. Библиотека

Академијата води постојана грижа за збогатување на библиотечниот фонд со домашна и странска правна литература и стручни списанија, како и за набавка на законски текстови согласно тековните измени, а особено развивање на богата референтна литература за одделните модули со референтните директиви и регулативи на ЕУ, пресуди на Судот на правдата во Луксембург и Европскиот суд за човекови права, референтните документи на Советот на Европа и Обединетите нации.

Во насока на поголема транспарентност и поширок пристап на стручната јавност до што поголем број информации од областа на правото и пристап до правните системи на земјите од Европа и светот, библиотеката на Академијата ќе продолжи со континуирано објавување на својата веб-страница на стручна литература, списанија, како и ќе воведе претплата на релеватни бази на литература.

## 10. Буџет и инвестиции

Што се однесува до буџетот и инвестициите, една од приоритетните инвестициски активности на Академијата е обезбедување адекватен деловен

простор кој ќе ги задоволува потребите за непречено и ефикасно реализирање на програмите за обука, како почетна така и континуирана обука.

И во наредниот период Академијата ќе ги извршува своите финансиски и буџетски активности согласно законските прописи од оваа област и целосно почитувајќи ги насоките дадени од Судскиот буџетски совет во поглед на реално планирање на потребните средства, како и ефикасно менаџирање со одобрените финансиски средства.

На Академијата за судии и јавни обвинители за 2017 година ѝ е одобрен буџет во износ од 41.125.000,00 денари. Во споредба со 2016 година одобрениот буџет е за 0,67% помал. Во буџетот за 2017 се одобрени повеќе средства за плати за кандидатите од новата VI генерација слушатели во почетна обука. Со овие одобрени средства во 2017 година Академијата има обврска да ги намири обврските што се пренесени од 2016 година, како и да ги реализира активностите што ќе се преземат во тековната година.

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев“
Претседател на Управен одбор,
Лилјана Спасоска